ИНТЕРВЈУ СО **МАЈКЛ ДУБИ** | **АРМ ISAF** | **ПСО НА АРМ** НАЈВИСОКИ СТАНДАРДИ | **NATO** СИНХРОНИЗАЦИЈА | МОДЕЛ **„КЛАРК-ВИЛСОН“**

# ШТИТ


Број 80
Мај 2016
50 денари
ISSN 1857-6710


**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**



**ПРОМОЦИЈА**




Ексклузивно
во овој број:

**ИНТЕРВЈУ СО**

# ЏОН АЛЕН

**ГЕНЕРАЛ СО ЧЕТИРИ ЅВЕЗДИ ОД АРМИЈАТА НА САД,**
**ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ „БРУКИНГС“ ВО ВАШИНГТОН, САД**

# Часот на плане



# тата Земја








Градот Скопје на 19 март беше дел од „Часот на планетата Земја“ - најголемата светска волонтерска акција која имаше цел преку симболично исклучување на осветлувањето во времетраење од еден час да испрати силна порака за спас на планетата.
Акцијата „Часот на планетата Земја“ траеше од 20:30 до 21:30 часот, каде илуминацијата беше исклучена на следните локации: во центарот на градот: улицата „Македонија“, палатата „Пелистер“, Ристиќевата палата, Камениот мост, Скопската тврдина, паркот „Жена-борец“ и спомениците, плоштадот „Филип Втори“, мостот „Око“ и Мостот на уметноста. Покрај исклучувањето на илуминацијата на овие објекти, на настанот се изведе и перформанс со 300 свеќички на улицата „Македонија“.
Глобалната организација на „Часот на планетата Земја“ објави специјално видео во кое е објавен видеоинсерт од исклучувањето на осветлувањето на Археолошкиот музеј во Скопје.
Исто така, беше направена и посебна видеокомпилација за акцијата во Македонија со инсерти од централната манифестација во Скопје.



## содржина

ШТИТ ■ година VIII ■ број 80 ■ мај 2016

На прва линија
**АРМ-12 години амбасадор на мирот** 6

Интервју
**со генерал Џон Ален** 12

Интервју
**со генерал Мајкл Дуби** 16

Вооружување
**Од бајонет до борбен нож** 20

Полк за специјални операции
**Синоним за највисоки стандарди** 26

24 часа
**Да се биде војник е чест и привилегија** 32

Глобал
**Контрола на оружјето** 38

НАТО
**Како против тероризмот и нуклеарно-хемиско-биолошките предизвици** 40

Оперативната вештина во коалициското војување
**Синхронизација на заедничкиот напор** 42

Меѓународна соработка – III
**Справување со асиметрични закани** 46

Македонски команданти и војсководци
**Тихомир Милошевски-Тиќо** 50

Бинарен код
**Модел „Кларк-Вилсон“** 54

Филм
**„13 часови“** 56

Убавините на Македонија
**Чашка вино за здравје!** 58

# Клуч за стабилноста на регионот

Билатералната и регионалната соработка, како и интеграцијата во НАТО-алијансата се клучот за одржување на безбеден и стабилен регион, регион кој има капацитет да се справи со современите предизвици.
А, во рамките на регионот навистина се одвива една мошне добра и динамична соработка за којашто сите земји се определени, за што сведочат сите значајни стратегиски документи, но и практичниот и видлив ангажман на сите земји во заедничките проекти од регионално значење.
Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, изминатиов период оствари работна посета на Република Хрватска и на Република Словенија, а претходно во посета ни беше министерката за одбрана на Република Босна и Херцеговина. На сите средби и разговори беше потенцирана потребата од продолжување и интензивирање на соработката помеѓу земјите од регионот.
За време на средбата на министерот за одбрана Зоран Јолевски со неговиот хрватски колега Јосип Буљевиќ, уште еднаш беше потенцирано дека интеграцијата на Македонија, на Босна и Херцеговина и на Црна Гора во НАТО и во ЕУ е клучот за стабилноста и за просперитетот на регионот, но и за Европа, и затоа е потребно заедничкото лобирање на земјите од А5-групата пред Самитот на НАТО во Варшава.
И, при средбата на министерот Јолевски со словенечката министерка за одбрана, Андреја Катиќ, повторно акцентот беше ставен на добрата билатерална и регионалната соработка, а интеграцијата во НАТО-алијансата ќе биде клучот за одржување на безбеден и стабилен регион, регион кој има капацитет да се справи со современите предизвици.
Современите безбедносни закани и предизвици, олицетворени во големата мигрантска криза, сè повеќе се присутни на нашите граници. Во врска со проблемот на границите, министерот за одбрана Зоран Јолевски и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски разменија искуства и добри практики и со нивните бугарски колеги, Николај Ненчев и Румјана Бачварова, при што се разговараше за зајакнувањето на соработката помеѓу Македонија и Бугарија.
И, за крај, уште еднаш ја нагласуваме потребата од добра и интензивна соработка помеѓу сите земји во регионот, како во однос на развојот на државите и нивната интеграција во НАТО и во ЕУ така и во однос на справувањето со сите современи безбедносни закани кои се безбедносен предизвик за сите држави подеднакво.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Подготвува
Издавачки совет

Претседател на Издавачкиот совет
**д-р Зоран Јолевски**
*Министер за одбрана*
*на Република Македонија*

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Биљана Иванова
(технички уредник),
Митко Василевски
(новинар),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
(фотографии)

Димче Исаиловски,
академски сликар
(ликовно-графички дизајн и корица)

Печати:
„Европа 92“
Кочани





ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот


Цената на еден примерок е 50 денари
Годишна претплата 600 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095



Премиерот Емил Димитриев, државниот секретар во МО Елизабета Чупоска-Ристова и министерот за одбрана Зоран Јолевски присуствуваа на потпишувањето на договорите за вработување на поранешните професионални војници

## Трајно решавање на статусот

Во Домот на АРМ, во присуство на премиерот Емил Димитриев и министерот за одбрана, Зоран Јолевски, беа потпишани договорите за вработување на поранешните професионални војници, со што Министерството за одбрана и Владата на Република Македонија трајно го решија статусот на војниците кои ја завршиле службата во Армијата на Република Македонија со навршени 35 години возраст, односно 38 години. Во обраќањето пред присутните, министерот Јолевски истакна дека со потпишувањето на овие договори се покажува дека Министерството и Владата се грижат за квалитетниот живот на професионалните војници и по завршувањето на службата во Армијата. Министерот Јолевски истакна дека радува фактот што голем број институции изразиле желба за преземање на овие лица, а тоа покажува дека тие веруваат во способностите, капацитетите и вештините стекнати во одбраната. Премиерот Емил Димитриев им честиташе на поранешните војници за потпишаните договори и нагласи дека, како и досега така и во иднина тие во Владата ќе имаат искрен партнер кој ќе продолжи со посветена работа, нови мерки и проекти, со практикување на политика на отворени врати и блискост со граѓаните на Република Македонија. Поранешните професионални војници ќе бидат вработени во Министерството за одбрана и во поголем број други институции, имајќи ги предвид степенот на образование, исполнетоста на законските услови, професионалното искуство, како и местото на живеење.

## Заедничка стратегија за решавање на мигрантската криза

Потребна е заедничка стратегија, а во решението треба да бидат вклучени сите европски земји и Турција. Очигледно се работи за мошне голема мигрантска криза, односно проблем кој е најголем за Европа по Втората светска војна“. Тоа го истакна министерот за одбрана, Зоран Јолевски, кој беше во посета на припадниците на АРМ на јужната граница и ги виде нивните услови за сместување и функционирање. Министерот Јолевски истакна дека со зголемување на мигрантите од другата страна на границата, кои се околу 13.000 на самата граница, врховниот командант донел одлука за зголемување и на бројот на припадници на Армијата стационирани во областа на Гевгелија. Зборувајќи за идното присуство на Армијата, министерот Јолевски додаде дека МВР и АРМ се во постојана координација и дека постојано се вршат заеднички процени, по што и се утврдува бројот на припадници на Армијата кои ќе бидат стационирани на границата.



Министерот за одбрана Зоран Јолевски пред припадниците на АРМ кои ја обезбедуваат јужната граница




Министерот Зоран Јолевски и министерот за одбрана на Унгарија Иштван Шимичково

## Целосна поддршка за влез на Македонија во НАТО и во ЕУ

Министерот за одбрана, Зоран Јолевски, оствари посета на Министерството за одбрана на Унгарија. На средбата со својот колега, Иштван Шимичко, разменија мислења за последните случувања во врска со мигрантската криза, за безбедносната состојба во регионот и во Европа, па и пошироко, за следниот самит на НАТО што треба да се одржи во Варшава, како и за унапредувањето на соработката меѓу двете земји во областа на одбраната.
Министерот Јолевски истакна дека мигрантската криза со која се соочува Европа зема размери што укажуваат на потреба од координирана и сеопфатна стратегија за нејзино надминување.
Министерот Шимичко, во разговорите истакна дека Унгарија ѝ дава целосна поддршка и определеност за интеграција на Република Македонија во НАТО и во ЕУ.



# Справување со асиметрични закани

Постоењето на добро организирана, непосредна и, пред сѐ, постојана меѓународна соработка меѓу институциите на правда и внатрешни работи, потпомогната од ефективни и ефикасни меѓународни инструменти, претставува услов за успешно справување со криминалот, особено со организираниот криминал, бидејќи не постои држава која самата успешно може да се спротивстави на оваа општествено негативна појава

## „Европол“

Полициската соработка меѓу земјите-членки на ЕУ се одвива преку Канцеларијата на европската полиција „Европол“ (European police office) со седиште во Хаг, формирана во 1995 година со одлука на Европскиот совет (Конвенција „Европол“). Своите активности ги започнува на 01.07.1999 година по ратификација на Конвенцијата за „Европол“ од страна на земјите-членки на ЕУ на 01.10.1998 година и по спроведувањето на останатите законски активости. Примарна дејност се активностите во делот на превенција и спречување на тероризмот, нелегална трговија со дрога и оружје, нелагалната трговија со луѓе и мигранти, моторни возила и други облици на транснационален организиран криминал. Организацијата може да се вклучи и во заеднички акции за спречување на вршење на сериозни кривични дела. Во 2001 година бил потпишан Меморандум за разбирање со „Интерпол“, а со договорот од мај 2003 година вос-

тановен е европски офицер за врска во Генералниот секретаријат на „Интерпол“. Конечниот договор за соработка е склучен во 2004 година, кога и официјално е започната реализација на повеќе заеднички проекти во делот на спротивставувањето на трговијата со луѓе, перењето пари и измамите.

## Европравда

Европравда е посебен орган на ЕУ, основан за соработка во областа на правосудството, со цел да го унапреди процесот на давање заемна правна помош и екстрадиција, со цел поефикасно водење на истрагите и постапките по обвиненија на надлежните правосудни органи за сериозни транснационални кривични дела, особено на оние од областа на организиран криминал. Во исто време треба да ја поттикне и да се подобри соработката меѓу правосудните органи од различни држави, во смисла на извршување на барањата за заемна соработка и екстрадиција.

## Европска судска мрежа

Европска судска мрежа е формирана 1998 година за подобрување на соработката на правосудните органи преку обезбедување на контакт-точки во земјите за побрза комуникација (олеснување, идентификување и воспоставување директен контакт со лицата или надлежните судски органи во секоја земја-членка, создавање на мрежа на експерти, обезбедување најнови податоци и информации преку соодветна телекомуникациска мрежа.

**Сирене**-бироата се формирани за соработка помеѓу полицијата согласно Шенген-конвенцијата, која се одвива преку Шенген-информацискиот систем (Schengen information system), кој претставува заедничка база на податоци (32 милиони), внесени од страна на земјите-членки на Шенген, за потребите на јавната безбедност, за поддршка на полицијата и судската соработка, имигрантските служби и управувањето со контролата на надворешните граници во шенген-зоната.

**„Фронтекс“** е Полициска агенција на ЕУ за соработка помеѓу службите за гранична контрола (гранична полиција) во ЕУ. Целта на „Фронтекс“ е да обезбеди надворешните граници на ЕУ да останат пропустливи и ефикасни за легални патувања, додека истовремено претставуваат ефективна и ефикасна бариера за прекуграничниот криминал.

**СЕКИ/СЕЛЕК** - Југоисточниот кооперативен, иницијативен, регионален центар за борба против граничниот криминал, СЕКИ-СЕЛЕК, е единствена оперативна организација која овозможува брза размена на информации за спречување на криминалот преку соработка на полицијата и царината. Иницијатива за соработка е основана на 15.04.1998 во Женева и во неа членуваат Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Грција, Унгарија, Молдавија, Србија, Словенија, Црна Гора и Турција, со цел подобрување на економската соработка и соработката во областа на заштита на човековата околина меѓу земјите-членки и овозможување на интегративниот процес на земјите од ЈИЕ во ЕУ. Составен дел на активностите е и склучениот договор за соработка со цел унапредување на превенцијата, откривањето, истрагите и гонењето на прекуграничниот криминал и активна размена на информации.

## Меѓународни инструменти

Меѓународните инструменти ги определуваат правилата за ефективна меѓународна соработка и се камен-темелник на меѓународното право и на меѓународната кривична правда. Тие може да се дефинираат како формално потпишани и ратификувани меѓународни документи (акти) меѓу две или повеќе држави. Меѓународните инструменти ги обработуваат прашањата како што е екстрадиција, заемна правна помош, трансфер на лица и добивки, признавањето на странски пресуди, соработка при спроведување истраги итн. За најстари меѓународни инструменти се сметаат билатералните договори потпишани меѓу две држави. Мултилатералните договори вклучуваат неколку земји-потписнички, поради што се посложени од билатералните.

## Заемна правна помош

Поимот заемна правна помош упатува на соработката меѓу судовите, истражните полициски и други органи-учесници во кривично-правен прогон. Овој инструмент на соработка на меѓународен план е регулиран со повеќе конвенции. Заемната правна помош како инструмент се одвива во согласност со домашното законодавство во постапките за истрага, гонење и другите правосудни процедури за транснационални кривични дела и кривични дела извршени од организирани групи предвидени во конвенциите. Заемната правна помош се однесува и за правните лица, во случај кога тие се инволвирани во криминални активности. Заемната правна помош подразбира: обезбедување на сведоци или докази, постапки со правосудни документи, спроведување потраги, запленин и смрзнување на имот, пребарување на објекти и места, обезбедување информации, оригинални или заверени записници и документи, идентификување или пронаоѓање на приноси од криминал, имот или предмети, помош во случај на доброволно пријавување на лица, трансфер на осудени лица, трансфер на кривичната постапка, трансфер на условните осуди или условен отпуст, сослушување сведоци и вештаци и други активности кои не се во спротивност на националното законодавство.

Заемната правна помош овозможува сослушување преку видеоконференција или сослушување на лица на територијата на замолената држава во присуство на нејзини правосудни органи.

Во случај на непостоење на двоен криминалитет, барањето за укажување заемна правна помош може да биде одбиено.

За успешно и ефикасно извршување на постапките за заемна правна помош, секоја држава одредува централен орган

> Постоењето на добро организирана, непосредна и постојана меѓународна соработка меѓу институциите на правда и внатрешни работи, потпомогната од ефективни и ефикасни меѓународни инструменти, претставува услов за успешно справување со криминалот, особено со организираниот криминал






FRONTEX










со свои надлежности и овластувања, кој ги прифаќа, ги обработува и ги препраќа добиените барања до органите кои треба да ја извршат и го следи нивното извршување. Заемното признавање и извршување на странските кривични пресуди како облик на соработка е од понов датум. Примената на овој инструмент придонесува за напуштање на сфаќањето според кое секоја држава на својата територија ја признава само пресудата донесена од домашен суд. Дополнителниот протокол од 2001 година на Европската конвенција за заемна помош во казнените предмети од 1959 година предвидува и нови форми на соработка: преземање на одредени процесни дејства на територијата на замолената земја од страна на службени лица од земјата-молител; привремен трансфер на лица; лишување од слобода; директна достава на судски акти меѓу судовите; сослушување по пат на видеоврска и телефонска конференција; контролирана достава, соработка во тајните истраги; формирање на заеднички истражни тимови; заштита на сведоци итн. Во контекст на наведеното, за поефикасна соработка, во 2010 година во Република Македонија е донесен посебен Закон за меѓународна соработка во кривична материја. Со Законот се регулираат постапките во однос на барањето и давањето заемна правна помош.

## Екстрадиција

Екстрадицијата како поим, во потесна смисла, првпат е употребен во Францускиот „Decret loi“ од 1791 година и претставува облик на меѓународна соработка во спречувањето на криминалитетот, кој се состои во предавање под одредени услови и во определена постапка на сторител на казнено дело од една во друга држава заради кривично гонење или издржување на казнена санкција. Во поширока смисла, поимот подразбира каков било трансфер на лице во друга држава, без оглед на поводот и целта. Според Камбовски, меѓународната соработка е неспорен императив и единствен одговор на фактот дека криминалитетот не познава национални граници и дека истата се остварува со примена на меѓународните инструменти како што се екстрадицијата, заемната правна помош и други облици опфатени со меѓународните конвенции. Таа се смета за најстар облик на заемна соработка. Како инструмент, неговото користење е во интерес на двете држави, односно државата-молител на овој начин ја докажува својата репресивна моќ, а замолената страна нема интерес на своја територија да дава засолниште на избегани криминалци. Екстрадицијата постоела и се практикувала уште во стариот Египет. Пред Втората светска војна екстрадицијата е законски регулирана и ја добива својата правна природа, а по Втората светска војна екстрадицијата се регулира со склучување договори и донесување мултилатерални конвенции. Денес, покрај постоечките конвенции за екстрадиција, таа е регулирана и со голем број билатерални договори преку нејзина имплементација во националните закони. Во случај на непостоење на меѓусебни (билатерални) договори за екстрадиција се применуваат одредбите од конвенциите како правна основа. Основен услов за започнување на екстрадиционата постапка е кривичното дело за кое се бара да биде казниво според домашното право на двете држави-учесници во овој процес.



е изречена казнена санкција истата да е од најмалку 4 месеци. За предвидените 32 кривични дела за кои може да се изрече санкција над 3 години, извршувањето на налогот е задолжително, а принципот на двоен криминалитет не е валиден. Брзината на постапката е главна одлика на налогот и се состои во постигнување на јасни рокови во кои треба да се донесат одлуките (ако лицето се согласи да се предаде, одлуката се донесува во рок од 10 дена, додека во останатите случаи одлуката за предавање треба да се донесе во рок од 60 дена, со можност истиот да се продолжи за уште 30 дена. Во случаите кога станува збор за екстрадиција на лице во и од земја-членка на ЕУ спрема земја која не е членка на ЕУ се применуваат условите пропишани со конвенциите или билатералните договори и класичната екстрадициона постапка.

д-р Сашо М. Стојановски
д-р Методија Дојчиновски
м-р Билјана М. Стефанова

## Црвена потерница

Црвената потерница се смета за прв и најстар инструмент кој е на располагање на полицијата во справувањето со бегалците од законот. Како инструмент на меѓународната полициска соработка ја издава Генералниот секретаријат на Интерпол за лица-бегалци од законот кои треба да се пронајдат, да се лишат од слобода и екстрадираат. Потерниците можат да бидат издадени во форма на црвена потерница за потрага по лица кои се предмет на кривична постапка и црвена потерница за потрага по лица кои се бараат за издржување на веќе изречена правосилна судска санкција. Основа за нејзино распишување е постоење на наредба за лишување од слобода на лицето. Со нејзиното распишување таа е активна и достапна, односно потрагата по лицето се одвива во 190 земји-членки на Интерпол. Во светски рамки се смета за единствен инструмент, а со нејзина широка примена, всушност, не постојат граници за потрага по бегалците од законот.

## Европски налог за лишување од слобода

Со цел надминување на практично нотираните недостатоци на постапката за екстрадиција, особено во поглед на долгите постапки во Унијата со Рамковната одлука на Советот на Европа на 13 јуни 2002 година воведен е Европскиот налог за лишување од слобода. Неговото воведување треба да овозможи поефикасна судска соработка во спроведување на процедурите за екстрадиција во рамките на ЕУ, односно во шенген-зоната. Европскиот налог за лишување од слобода (European arrest warrant - EAW) стапува на сила во 2004 година Со налогот се менува начинот на класичната постапка за екстрадиција на лица со нивно предавање помеѓу надлежните судски власти. Налогот е основа за непосредна и директна судска соработка меѓу земјите-членки. Начелото на заемно признавање на донесените правосилни судски одлуки претставува основа за донесување на оваа одлука. Основните претпоставки за издавање на налогот бараат тој да биде издаден за дела кои се казниви со затворска или безбедносна мерка од најмалку 12 месеци или ако веќе




